| Седмица: 14-2час<br>Дата: | | | Тема:Звук (Физика)<br>Час: Гласни и тивки звуци | | | ОДДЕЛЕНИЕ<br>4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Време | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнување |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 10<br><br>20<br><br>10 | Истражува како се создаваат звуците кога осцилираат предмети, материјали или воздух и знае дека јачината на звукот се мери во децибели.<br><br>Собира докази во најразлични контексти | Сите мора: да одговорат,,Кои се гласни а кои се тивки звуци?<br><br>Повеќето може: да истражуваат и прават експерименти преку кои се слушаат гласни и тивки звуци за да нацртаат и направат табела за истражувањето<br><br>Некои може: да започнат да размислуваат да направат проверка на веќе направеното | Повторуваме што знаеме за звук.<br><br>На учениците им покажувам слики од<br>-мотоцикл во возење<br>-деца како си шепкаат<br>-пејач како пее на микрофон вклучен во појачало<br>и им го поставувам прашањето<br>Што мислите, дали звукот што го создаваат луѓето или предметите од сликите е тивок или гласен?<br>По добиениот одговор им кажувам дека денес ќе учиме за гласни и тивки звуци.<br>Се демонстрира активноста 6.4а од прирачникот за ПН стр. 84 од страна на учениците (слушање на работата на будилникот блиску до увото, оддалечено од увото, и слушање на будилникот со помош на картонска цевка)<br>Следуваат прашања кога се слушале најтивко , најгласно звуците од будилникот? Зошто?<br>Учениците добиваат за задача да размислат кои нешта –предмети даваат гласни и тивки звуци.<br>Учениците добиваат за задача да размислат како луѓето можат да се справат со гласните звуци, задачата ја решаваат во парови.<br>Презентирање на дадените одговори. | З<br><br>Г<br><br>П | Слика од<br>-моторцикл во возење<br>-деца како си шепкаат<br>-пејач какопее на микрофон вклучен во појачало<br><br>Долга картонска цевка,<br>будилник<br><br>Прирчник по ПН | Прашање/ одговор<br><br>Дискусија<br><br>Набљудување |

obrazovanie.literatura.mk

| **Организација**: Детали за поделба по улоги /групи/возрасни (поврзано со активностите) | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **клучни термини** |
|---|---|---|
| Вовед: Заедничка форма поради повторување од претходната година<br>Главен дел: Групите се хетерогени заради надополнување на знаењата<br>Заедничка форма заради резиме на наученото | За утврдување на знаењата на учениците или во часовите за дополнителна настава се користи вежбата 6.4 од вежбанката по ПН стр. 50<br>За домашна задача да ја решат вежбата 6.2 од вежбанката по ПН стр. 48 | звук<br>осцилира<br>јачина на звук<br>децибели<br>фонометар<br>гласно<br>тивко |

obrazovanie.literatura.mk